Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-242/4
13-04-2023 година

Постапувајќи по претставка број 08 - 242/1 од 21.03.2023 година, поднесена од [redacted], барател на право на азил во Република Северна Македонија, со адреса на [redacted] во Скопје, против вработени во Сектор за внатрешни работи – Скопје, Полициска станица-Беко, Скопје, за извршена дискриминација по основ на пол, раса, етничка припадност, јазик, занимање и професија во областа на правосудството и управата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 12.04.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката со број 08 – 242/1 од 21.03.2023 година, поднесена од [redacted] против вработени во Сектор за внатрешни работи – Скопје, Полициска станица-Беко, Скопје, **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

На 21.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] од [redacted], барател на право на азил во Република Северна Македонија, со адреса на [redacted], против вработени во Сектор за внатрешни работи–Скопје, Полициска станица-Беко, Скопје, за извршена дискриминација по основ на пол, раса, етничка припадност, јазик, занимање и професија во областа на правосудството и управата.

Во претставката подносителот [redacted] во делот на Опис на настан заради кој се поднесува предметната претставка, своерачно наведува дека Полиција Беко ја клевети дека е маж и дека лица во цивил и претат и известуваат околу нејзиното секојдневие. Притоа, истакнува дека не е ниту машко, трансвестит или слично.
Кон претставката доставени се докази во фотокопие, и тоа Целосен извадок од Матична книга на родени број [redacted] од Матична служба Виена-Хиетзинг, Република Австрија; Патна Исправа на име [redacted] Тужба поднесена до Основно Јавно обвинителство Скопје од 15.04.2022 година; Решение број [redacted] од 24.01.2016 година на Министерство за правда на Република Австрија, преведено на српски јазик, како и легитимација број [redacted] од 10.08.2022 година издадена од Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, врз основа на Закон за меѓународна и привремена заштита.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Со оглед дека од наводите изнесени во поднесената Претставка, Комисијата не беше во можност целосно и јасно да ја утврди фактичката состојба, се обрати до подносителот со Барање за доуредување на претставка заведено под број 08-242/2 од 27.03.2023 година во кое наведе дека е потребно на јасен, прецизен и читлив начин подносителот на претставката да ги изнесе сите факти и околности на кои ја заснова истата, особено наведување на детален опис на настанот врз основа на кој смета дека била ставена во дискриминирана положба. Воедно побарано е да се прецизира дали претставката се однесува на конкретно лице, вработено во институцијата против која е поднесена претставката , односно СВР Скопје, Полициска станица-Беко, Скопје.
По доставување на горенаведеното Барање, на електронската пошта на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставено е Доуредување од [redacted] заведено под број 08-242/3 од 03.04.2023 година во кое наведува дека ја контактира Комисијата за деликатна тематика. Конкретно, дека службеници или инспектори од Полициска станица Беко во континуитет ја денунцираат и дефамираат во јавност и дека веќе има пријавено ваков ист случај. Воедно наведува дека е во прашање нејзината сигурност и репутација и дека по сопствена иницијатива го контактирала Народниот Правобранител (Омбудсман) и делегацијата на Европската Унија и дека покрај наведеното и понатаму нејзиниот идентитет се става во пејоратив во секој сегмент.

Вака изнесените наводи во Дополнувањето, ставени во контекст на веќе поднесената Претставка и понатаму остануваат за Комисијата премногу општи и нејасни поради што не постои можност за јасно и прецизно утврдување на фактичката состојба. Тоа воедно се однесува и на доказите приложени кон поднесената Претставка, а од причина што за соодветно и правилно постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација неопходни се правно релевантни податоци врз основа на кои ќе може да се донесе акт со кој би се утврдило постоење или непостоење на дикриминација.

Врз основа на изнесеното се утврди дека поднесената Претставка, како и Дополнувањето на истата се неуредни, односно нејасни и не ги содржат сите потребни елементи кои треба да ги содржи претставката, а како предуслов за понатамошно постапување од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Од овие причини, Комисијата одлучи да ја отфрли оваа претставка поради **неуредност.**

Скопје
12.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]